ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 27 ДАТА 05.07.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 27 ДАТА 05.07.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 03.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГЕНЧКАЛЕМЛЕР„ с. Д. Бањица: Јашар А. Амир од ФК „Вардар„ од с. Форино, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 29.06.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „КАМЕНИЦА САСА„Македонска Каменица: Мицевска Глорија, Марковска Т. Анастасија, Стојановска Николија, Митевска М. Кристина, Маринковска Ј. Стефанија, Николовска З. Елеонора, Николовска Вероника, Спасева Ангела,Милкова Т. Валерија, Атанасова Ј. Емилија, Ристовска Л. Дајана, Ристовска Д. Каљопи, Дуимитровска З. Тара, Ивановска Г. Андреа, Стоименовска Н. Моника, Ангеловска Маринела, Стоиловска Д. Наталија, Џевелкова Леонита, Велиновска Евгенија, Маринковска И. Деспина, Велиновска Б. Сања, Стоименовска Д. Александра, Стоименовска Антониела, Караѓозова К. Зорица, Златановска Д. Ивана, по чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 04.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Муслиу А. Висар од ФК „Ренова АД„ од село Џепчиште, Тетово, по член 35/10.
Исени И. Бесар од ФК „Шкупи 1927„ од Скопје, по член 35/3.

ФК „ГРОЗДАНОСКИ ИЛИНДЕН„ Скопје: Јосифов А. Дарио, Стаменковски С. Матеј, Кипријановски Г. Дамјан, Трендевски И. Дуле, Аксиќ Г. Антонијо, Георгиевски И. Филип, Благевски И. Лео, Тодевски И. Даријан, Алексовски Г. Матеј, Ангеловски Д. Даријан, Величковски И. Матеј, Илиевски Д. Кристијан, Јакимовски И. Петар, Димитриевски Б. Марко, Петковски Ј. Андреј, Кимовски Ц. Борис, Митевски Д. Марио, Стојчевски К.Злате, Стојчевски Р.Дамјан, Блажевски Д. Слободан, по член 35/1.

ФК „ФОРТУНА 2009„ н. Ченто, Скопје. Асани А. Агим и Ќаил Х. Реџеп, по член 35/1.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденцијана регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудбалетрите: Георгиев Стефан од ФК „Мацари Солидарснost 92„ Скопје, Алексиќ М. Милан од ФК „Локомотива Бентоекспорт„ Скопје и Секуловски В. Бојан од ФК „Петровец„ Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Билали И. Амир од ФК „Балис Балш„ од Република Албанија за ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/11, поради некомплетна документација.

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Ѓорѓиевски С. Матеј од ФК „Марино„ од с. Марино, Блажевсли Г. Матеј и Блажевски Д. Лука од ФК „Илинден„ од населба Илинден, Скопје за ФК „Грозданоски Илинден„ од Скопје, по член 35/2, бидејќи не се потпишани пријавите за регистрација од фудбалрите.

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Маневски Стефан, Добревски Александар, Стојчевски Наум, Димитриевски Драгиша, Поповкси Петар, Станисавовски Марко, Костадиновски Филип, Стојановски Давид, Ангеловски Тадеј, Станковски Андреј, Илиевски Марко, Бојковски Дарио, Младеновски Лука, Петрушевски Андреј, Јакимовскуи Марко и Стојчевски Давор за ФК „Грозданоски Илинден„ од Скопје, по член 35/1 бидејќи не се потпишани пријавите за регистрација од фудбалеритре.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 30.06.2017 година**

❖ **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово и фудбалрот Кастратовиќ З. Јован го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојз Кратово фудбалерите: Кастратовиќ З. Јован и Вујанац Р. Никола од ФК „Силекс АД„ од Кратово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 04.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Георгиев А. Бобан од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, Алексовски Б. Дарко од ФК „КИТ ГО Пехчево„ Штип и Трајковски Б. Горан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Сопје, по член 35/3.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерите: Алексовски Б. Дарко и Митровиќ О. Милан склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години до Летен преоден рок 2019 година, до 14.06.2019 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудблерот Плазиниќ Д. Вељко од ФК „Слога„ од Пожега, Република Србија за ФК „Силекс АД„ од Кратово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 2 (две) години, поради необјавување на регистрацијата на фудбалерот.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 1237/4
15.06 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 15.06.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозиции за натпреварување во Првата фудбалска лига за натпреварувачката 2017/2018 година.

2. Одлуката и пропозициите за натпреварувањето во Првата фудбалска лига за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во стручно – информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

3. Одлуката стапува на сила на денот на донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на седницата одржана на 15.06.2017 година ги разгледа предложените пропозициите за натпреварувањето во Првата фудбалска лига за натпреварувачката 2017/2018 година, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1237/4

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 1237/5
15.06 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 15.06.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозиции за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за натпреварувачката 2017/2018 година.

2. Одлуката и пропозициите за натпреварувањето во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во стручно – информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

3. Одлуката стапува на сила на денот на донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на седницата одржана на 15.06.2017 година ги разгледа предложените пропозициите за натпреварувањето во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за натпреварувачката 2017/2018 година, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1237/5

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1237/6
15.06 2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 15.06.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за КУП натпреварување во натпреварувачката 2017/2018 година - сениори.
2. Одлуката и Пропозициите за КУП натпреварување во натпреварувачката 2017/2018 година - сениори да се објават во стручно – информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.
3. Одлуката стапува на сила на денот на донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на седницата одржана на 15.06.2017 година ги разгледа предложените пропозициите за КУП натпреварување во натпреварувачката 2017/2018 година - сениори, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1237/6

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1237/7
15.06.2017 год.

Управен одбор

Управниот одбор на ФФМ постапувајќи по барањето за поведување постапка за заштита на одредбите на Правилник за натпревари на ФФМ пр.бр. 24-1154/1 од 06.06.2017 година поднесен од Фудбалски клуб Караорман од Струга, против одлуката на второстепениот орган на Трета лига Југозапад бр. 03-128 од 29.05.2017 година в.в со одлуката бр. 03-102 од 02.05.2017 година и одлуката 03-118 од 10.05.2017 од Комесарот за натпревари на Трета лига Југозапад врз основа на член 126 став 2 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 15.06.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Барањето за поведување постапка за заштита на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ пр.бр. 24-1154/1 од 06.06.2017 година поднесен од Фудбалскиот клуб Караорман од Струга, против одлуката на второстепениот орган на Трета лига Југозапад бр. 03-128 од 29.05.2017 година в.в со одлуката бр. 03-102 од 02.05.2017 година и одлуката 03-118 од 10.05.2017 од Комесарот за натпревари на Трета лига Југозапад се отфрла како недозволено.

2. Таксата уплатена по Барањето пр.бр. 24-1154/1 од 06.06.2017 во висина од 15.000,00(петнаесет илјади) денари да се врати на сметка на поднесувачот.

3. Одлуката е конечна, стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалскиот клуб Караорман од Струга преку Комисијата за жалби на Трета лига Југозапад во дозволениот рок , до надлежната Комисија на ФФМ достави Барање за поведување на постапка за заштита на Правилникот за натпревари на ФФМ.

Барањето е поднесено врз основа на член 123 од Правилникот за натпреварување на ФФМ во врска со заштита на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ при одлучување на првостепениот и второстепениот орган на Трета лига Југозапад.

Барањето е таксирано согласно Одлуката на УО на ФФМ бр. 0202-250/1-3/3 од 06.02.2014 година со која се определува висина на такси по вонреден правен лек.

Пред да пристапи кон разгледување на наводите во барањето, Управниот одбор се осврна на одредбите од член 126 став 3 од Правилникот за натпревари на ФФМ според кој:

Управен одбор

„Управниот одбор на ФФМ  најдоцна во рок од 3(три) месеци од поднесувањето а не подоцна од денот пред одигрување на последното коло во соодветното натпреварување носи конечна одлука со која го усвојува барањето делумно или во целост, или го одбива Барањето за заштита на Правилникот за натпревари."

Земајќи ја во предвид цитираната одредба со цел да не ја прекрши истата, Управниот одбор пристапи кон утврдување на временската рамка дадена како услов за полноважно одлучување.

Управниот одбор утврди дека рокот за одлучување почнува да тече од поднесување на барањето односно од 06.06.2017 година кога Барањето од страна на поднесувачот е поднесено до архивата на ФФМ. Натпреварувањето во Трета лига Југозапад во натпреварувачката 2016/17 е започнато на ден 08.09.2016 а завршено на ден 14.05.2017 година.

Врз основа на погоренаведеното Управниот одбор констатира дека не се исполнети условите за одлучување од член 126 став 2 од Правилникот за натпревари односно Управниот одбор не може да одлучува по барањето од причина што последното 26-то коло на Трета лига Југозапад е веќе одиграно на ден 14.05.2016 година.

Поради неисполнетост на условите од член 126 став 2 од Правилникот за натпревари Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1237/7

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0801-806/3

Прва МФЛ: 2016 - 2017

Скопје: 22.06.2017 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 22.06.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ВАРДАР АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 500.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 26 коло на Прва МФЛ 16/17 помеѓу, ФК ВАРДАР АД - ФК ПЕЛИСТЕР АД, ја констатира следната фактичка состојба: ФК Вардар АД од Скопје СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 500 ( петстотини ) Евра во денарска противвредност на денот на уплата а поради слаба организација, недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина на национална основа, користење на пиротехнички средства на навивачката група КОМИТИ на трибината каде што биле сместени на натпреварот одигран

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ВАРДАР АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Заменик претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0801-1050/3-2

Куп на РМ: 2016 - 2017

Скопје: 22.06.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 22.06.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ШКЕНДИЈА АД - Тетово се казнува со автоматска парична казна од 2,000.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 8 коло на Куп на РМ 16/17 помеѓу, ФК ШКЕНДИЈА АД - ФК ПЕЛИСТЕР АД, ја констатира следната фактичка состојба: ФК Шкендија АД Тетово СЕ КАЗНУВА со парична казна од 2000 ( две илјади) Евра во денарска противвредност на денот на уплата а поради недолично однесување и извикување слогани со навредлива содржина на национална основа и користење на пиротехнички средства на натпреварот одигран во рамките на

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКЕНДИЈА АД - Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Заменик претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0801-1128/3-2

Прва МФЛ: 2016 - 2017

Скопје: 22.06.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 22.06.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ВАРДАР АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 500.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 36 коло на Прва МФЛ 16/17 помеѓу, ФК ВАРДАР АД - ФК СИЛЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: ФК Вардар АД од Скопје СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 500 (петстотини ) Евра во денарска противвредност на денот на уплатата а поради недолично однесување и извикување на слогани со навредлива содржина ,користење на пиротехнички средства на навивачка група Комити на трибината

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ВАРДАР АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Заменик претседател

Васко Дојчиновски с.р

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10-1068/4 23.06.2017 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, постапувајќи по жалбата пр.бр. 10-1068/3 од 14.06.2017 година против одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1068/2 од 30.05.2017 година, врз основа на член 144 став 2 од Статутот на ФФМ, на седницата одржана на ден 23.06.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одбива жалбата бр. 10-1068/3 од 14.06.2017 година поднесена од правниот субјект ФК Победа Прилеп со ЕМБС 401624
2. Се потврдува одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1068/2 од 30.05.2017 со која во точка 1. Се одбива како неосновано Барањето бр. 0302-1068/1 од 26.05.2017 година в.в со Барањето бр.0302-2071/1 од 27.12.2016 година поднесено од правниот субјект Фудбалски клуб Победа Прилеп со ЕМБС 4016424 за спроведување на одлука донесена од Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година, во точка 2 се утврдува дека Одлуката донесена од страна на Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година со која точка 1: ФК Победа -Прилеп се суспендира од понатамошното натпреварување во првенствата на Република Македонија под раководство на ФФМ во периодот од 8(осум) години почнувајќи од натпреварувачката 2009/2010 година ; точка 2: Натпреварите кои екипата на ФК Победа –Прилеп ги одигра во првиот и вториот круг на натпревари од натпреварувачката 2009/2010 година остануваат со постигнатите резултати, додека во наредните натпревари (29,30 и 31 коло) фудбалскиот клуб кој треба да одигра натпревар со ФК Победа-Прилеп натпреварите ќе ги добива со службен резултат 3:0 а согласно член 60 точка 2 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија; точка 3:Добиените опомени и казнени мерки остануваат да важат се до крајот на првенството за фудбалерите и службените лица кои настапувале за суспендираната екипа и за екипите кои настапувале против суспендираната екипа а согласно член 25 став 2 од Пропозициите за натпреварување во првата лига во натпреварувачката 2009/2010 година; точка4: Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ „Макфудбал" , е целосно спроведена и изречената мерка истекува на крајот од натпреварувачката 2016/17 година и точка 3: Фудбалскиот клуб Победа Прилеп кој се натпреварувал во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година може да пријави учество и да се вклучи во организираните натпреварувања од страна на ФФМ во сезоната 2017/18 , како што следи:
   - со сениорска екипа во Општинска фудбалска лига при ОФС Прилеп;
   - со екипи од млади категории во Регионалното натпреварување за млади категории каде територијално припаѓа, под услов да ги исполнува критериумите за натпреварување во млади категории.
3. Одлуката е конечна.
4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

деловоден број 10-1068/4 од 23.06.2017

Комисија за жалби на ФФМ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правниот субјект Фудбалски клуб Победа Прилеп со ЕМБС 4016424. , незадоволен од одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1068/2 од 30.05.2017 година, поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ. Комисијата констатира дека подносителот со жалбата уредно доставил доказ за платена такса.

Комисијата констатира дека со нападнатата одлука на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-1068/2 од 30.05.2017 година одбиено е како неосновано Барањето бр. 0302-1068/1 од 26.05.2017 година в.в со Барањето бр.0302-2071/1 од 27.12.2016 година поднесено од правниот субјект Фудбалски клуб Победа Прилеп со ЕМБС 4016424 за спроведување на одлука донесена од Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година; утврдено е дека одлуката донесена од Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година е целосно спроведена; утврден е начинот на вклучување на Фудбалскиот клуб Победа Прилеп кој се натпреварувал во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година во организираните натпреварувања од страна на ФФМ во сезоната 2017/18; задолжен е ОФС Прилеп да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ за евентуалното вклучување на наведениот клуб во Општинска фудбалска лига при ОФС Прилеп, со цел известување на УЕФА и ФИФА за истото.

Подносителот во жалбените наводи:

- наведува дека клубот бил суспендиран од понатамошните натпреварувања во првенствата на Република Македонија во периодот од 8(осум) години почнувајќи од натпреварувачката 2009/2010 година како и дека ваквата одлука била донесена врз основа на одлука донесена од страна на Дисциплинскиот комитет на ФИФА со бр. 090259 EXT MKD.
- наведува дека суспензијата е времена мерка со која се сака на одреден субјект во случајот клуб привремено да се одстрани од натпреварите и дека тоа е предвидено во член 76 од Правилникот за натпревари.
- наведува дека за разлика од суспензијата, дисквалификацијата е мерка со која клубот се исклучува од понатамошните натпревари во едно натпреварување и се симнува во понизок ранг или почнува од најнизок ранг на натпревари. Во таа насока се повикува на член 130 од Статутот на ФФМ каде е наведено дека суспензијата и дисквалификацијата се две различни мерки и при тоа смета дека по протекот на времето казнетитот се враќа во истиот ранг односно положба пред изрекување на суспензијата.Смета дека со суспензијата се исклучува клубот од натпреварите, привремено во точно наведен период во самата одлука за суспензија и дека потоа по истекот на времето се враќа во истото натпреварување.
- смета дека ФК Победа Прилеп не била дисквалификувана од натпреварите во Првата фудбалска лига туку и била одредена времена мерка суспензија на одреден период.
- смета дека првостепениот орган во образложението изнел произволна констатација наведувајќи дека изречената мерка недвојбено значи дисквалификација бидејќи доколку Комесарот за натпревари во 2010 година имал намера да го дисквалификува клубот тоа и ќе го сторел. Во таа насока смета дека првостепениот орган нема право да дава дополнителни толкувања на изразите наведени во одлуката бр. 03-323 од 03.05.20110 година бидејќи

истите се јасно наведени и имаат точно утврдено значење со Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

- смета дека првостепениот орган погрешно се повикал на член 155 од Статутот на ФФМ бидејќи тоа е општа одредба која не регулира прашање кое е предмет на жалбата.

Подносителот бара од Комисијата нападнатата одлука да се укине во целост при што ќе констатира дека времето на суспензија е истечено во целост и дека ФК Победа Прилеп која се натпреварувала во натпреварувачката 2009/10 се враќа во организираните натпреварувања од ФФМ и тоа во Прва МФЛ за сениори со право на учество во куп натпреварувањата и други натпреварувања за млади категории.

Комисијата во постапка ги зема во предвид материјалните докази достапни на Комисијата од постапката водена пред првостепениот орган наведени во образложението на одлуката бр. 15-1068/2 од 30.05.2017 година.

Комисијата се осврна на секој жалбен навод поединечно. По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Надлежен орган на УЕФА, поради недозволено влијание на тек и исход на натпревари во организација на УЕФА, го казнила и му забранила на Фудбалскиот клуб Победа од Прилеп да се натпреварува со сите екипи на клубот во траење од 8(осум) години. Врз основа на оваа одлука, ФИФА донела одлука со бр. 090259 EXT MKD со која го проширила важењето на одлуката на севкупната територија која ја зафаќаат членките на ФИФА.

Комесарот за натпревари на ФФМ и покрај одлуката на УЕФА и ФИФА му овозможил на Фудбалскиот клуб Победа од Прилеп да се натпреварува во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година.

По барање на ФИФА, Комесарот за натпревари пред крајот на натпреварувачката 2009/10 донел одлука со бр. 03-323 од 03.05.2010 година со која го исклучил клубот од предметното натпреварување и понатамошните натпреварувања во првенствата под раководство на ФФМ почнувајќи од натпреварувачката 2009/10 во период од 8(осум) години.

Во диспозитивот на цитираната одлука:

- во точка 1. Комесарот за натпревари изрекол: „ФК Победа -Прилеп се суспендира од понатамошното натпреварување во првенствата на Република Македонија под раководство на ФФМ во периодот од 8(осум) години почнувајќи од натпреварувачката 2009/2010 година.

- во точка 2 изрекол: Натпреварите кои екипата на ФК Победа –Прилеп ги одигра во првиот и вториот круг на натпревари од натпреварувачката 2009/2010 година остануваат со постигнатите резултати, додека во наредните натпревари (29,30 и 31 коло) фудбалскиот клуб кој треба да одигра натпревар со ФК Победа-Прилеп натпреварите ќе ги добива со службен резултат 3:0 а согласно член 60 точка 2 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија;

По завршување на натпреварувачката 2009/10, односно од натпреварувачката 2010/11 ниедна екипа на клубот не била вклучена во ниедно натпреварување во организација на ФФМ.

Изречената дисциплинска мерка од страна на УЕФА и ФИФА истекла со завршување на натпреварувачката 2016/17 година.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека клубот не се натпреварувал 8(осум) натпреварувачки години и дека истото не е последица на цитираната одлука на Комесарот за натпревари туку на одлуката која ја донеле органи на УЕФА и ФИФА а Комесарот за натпревари требал да ја спроведе. Односно и да не ја донел Комесарот за натпревари предметната одлука, клубот поради изречената казна, не смеел да се натпреварува.

Подносителот во жалбените наводи наведува дека мерката суспензија и дисквалификација имаат различно значење и дека едното претставува времена мерка а другото претставува исклучување; дека по истекот на времето клубот треба да се врати во истото натпреварување; наведува дека клубот не бил исклучен туку му била определена времена мерка како и дека Комесарот за натпревари во 2010 доколку имал намера клубот да го дисквалификува тоа и ќе го сторел.

Во услови кога има изречена дисциплинска казна со која му се забранува на клубот да се натпреварува 8(осум) години безпредметно е повикувањето на разликувањето на овие две мерки во врска со наведениот предмет. Во прилог на појаснување на изреченото, Комисијата најде за потребно да го упати подносителот дека став 1 на член 130 од Статутот на ФФМ на кој се повикува гласи:

„Правните органи кои имаат надлежност за изрекување на дисциплински мерки можат да изречат суспензија како времена мерка до изрекување дисциплинска казна и дисциплинска казна и тоа:......"

Во конкретниот случај Комесарот за натпревари неможел да изрече суспензија како времена мерка, онака како што е предвидено во актите на ФФМ, бидејќи дисциплинска казна веќе била изречена од повисок орган, а суспензијата како времена мерка претходи на изрекувањето на дисциплинската казна.

Потоа изрекувањето на мерката клубот да не се натпреварува 8(осум) години воопшто не зависела од намерата на Комесарот за натпревари, мерката во периодот на носењето на одлуката на Комесарот за натпревари веќе била донесена, обврската на Комесарот за натпревари била да ја спроведе како што е донесена.

Во однос на жалбените наводи дека првостепениот орган нема право да дава дополнителни толкувања на изразите наведени во одлуката бр. 03-323 од 03.05.2010 година бидејќи истите се јасно наведени и имаат точно утврдено значење со Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ, односно дека првостепениот орган ги толкувал изразите и навел дека несомнено се работи за дисквалификација, Комисијата утврди дека во т.2 од предметната одлука на Комесарот за натпревари цитирана погоре ,Комесарот за натпревари одлучил кои натпревари ќе останат со постигнатите резултати а кои ќе се регистрираат со службен резултат.

Комисијата упатува дека т.2 од одлуката на Комесарот за натпревари не следи во случај на суспензија туку следи во случај на напуштање или дисквалификација односно исклучување од натпреварувањето.

Првостепениот орган правилно утврдил дека се работи за дисквалификација и тоа не врз основа на толкување на употребениот израз суспензија од т.1 на одлуката бидејќи истиот е неприменлив, туку првично врз

основа на одлуката со која на клубот му е изречена дисциплинската казна како и врз основа на т.2 од одлуката со која Комесарот за натпревари го утврдил пласманот на другите екипи и со тоа само го потврдил исклучувањето на клубот од натпреварувањето во 2009/10.

Во врска со наводите дека одредбата од член 155 од Статутот на ФФМ е општа и не го регулира прашањето кое е предмет на жалба, а истата гласи:

„Клубовите обезбедуваат учество во повисок степен на натпреварување со кумулативно исполнување на следните критериуми:

1. Остварен спортски резултат;
2. Исполнување на критериуми за лиценцирање за степените за натпреварување каде тоа е пропишано;
3. Исполнување на други критериуми утврдени од страна на органот кој ги усвојува Пропозициите за натпреварување."

Комисијата констатира дека се работи за одредба врз основа на која клубовите стекнуваат или губат право да се натпреваруваат во определен степен на натпреварување и истата е целосно применлива во конкретниот предмет и не дозволува административно вклучување на клуб во повисок ранг на натпревари.

Од тие причини, првостепениот орган правилно се произнел кога го упатил подносителот во кој степен на натпревари може да се вклучи. За да може клуб да се вклучи во повисок степен на натпревари мора да има остварено спортски резултат во претходната сезона.

Врз основа на погоренаведеното Комисијата едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Дејан Николоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**